Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 20-2994/4

07.04.2020 година

До

**Понудувачите**

.................................................................

.............................................

Ljupcho Ilovski

Digitally signed by Ljupcho Ilovski
Date: 2020.04.07 13:04:27 +02'00'

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на поставено прашање по Јавен повик за **интервентна набавка на респираторни машини заради спроведување на мерките за справување со Коронавирус-COVID-19 за време на траење на вонредната состојба.**

Почитувани

До комисијата за спроведување на постапката на јавниот повик при Министерство за здравство на РСМ од страна на заинтересиран понудувач пристигнато е прашање во електронска форма во врска со објавениот Јавен повик за "интервентна набавка на респираторни машини заради спроведување на мерките за справување со Коронавирус-COVID-19 за време на траење на вонредната состојба"

ПРАШАЊЕ (цитат):
Со оглед на расположливите количини на пазарот на респираторни машини со поголем квалитет и кој што го задоволуваат критериумот ICU но ја надминуваат цената, дали ќе биде прифатена понудата за таков тип поквалитетни машини со поголем стандард и поголема цена, но не повеќе од 20% од планираната.

ОДГОВОР, Предлогот не се прифаќа.

- **Образложение: Максималната цена по која може да се набават респираторните машини е утврдена со Уредбата со законска сила, во која, во член 3 стои: "Максималната цена по која може да се набават респираторните машини изнесува 25.000 евра во денарска противвредност, без вклучени дополнителни буџетски давачки." Согласно наведенето, а и врз основа на точка III од Јавниот повик, Секоја понуда која ќе изнесува над утврдената единечна максимална цена и над утврдениот максимален рок за испорака,**


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

ќе се смета за неприфатлива и ќе биде отфрлена од страна на Комисијата.

ПРАШАЊЕ (цитат):
Со оглед на ситуацијата и огромните трошоци за транспорт дали е можно да се одреди минимална количина 100 од страна на понудувачот?

ОДГОВОР, Предлогот не се прифаќа:

- Образложение: Во точка I од Јавниот повик, е утврдена максималната количина која Министерството за здравство ќе ја набави. Понудувачите не се ограничени во однос на минималната количина која ќе ја понудат, туку само во однос на максималната количина (200 респираторни машини). На овој начин се овозможува да се јават повеќе понудувачи, со кои, согласно конечната ранг листа, а согласно понудените количини, Министерството за здравство ќе склучи еден или повеќе договори, се до исполнување на максималната количина наведена во Јавниот повик.

Со почит,

Комисија за спроведување на
Јавен повик